Ред. број 6 Стратегиско водство

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од втор циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Стратегиско водство | | | |
| 2. | Код | БАС-22СТРВ | | | |
| 3. | Студиска програма | Стратегиски менаџмент за одржлив развој | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус на студии | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | прва | семестар | втор |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Лидија Стефановска (одговорен наставник)<br>Проф. д-р Таип Јакупи | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | / | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | **Цели на предметната програма:**<br>• Усвојување на теоретски и практични знаења потребни за ефективно водство и стратегиско управување во сложената и динамична организациска околина;<br>• Идентификување на карактеристики и елементи на стратегиското водството со акцент на одговорноста на стратегиските водачи да ги инспирираат и мотивираат нивните тимови за реализирање на организациските цели;<br>• Способност за водење на организации преку предизвиците на глобализацијата, дигитализацијата и социјалните промени, и ќе се подготват да управуваат со мултикултурни тимови и нови технологии.<br>• Идентификување на способности, вредности и доктрини за стратешко размислување и согледување на „целосната слика“како начин да се создаде и изрази визија, мисија, цели и успешно да се генерира нивно остварување;<br>• Разбирање на различните стилови на водство, согледување на потребата од нивна адекватна примена во согласност со ситуацијата во работната околина и на значењето што тоа го има за развој на организацијата;<br>• Способност за примена на разни видови на алатки за примена на адекватни извори на моќ и нивно трансформирање во влијание, инспирирање и градење на доверба со следбениците;<br>• Способност за практична примена на концептот стратегиско водство во реални ситуации.<br><br>**Резултати од учењето:** | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | По успешното завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да:<br>• Применуваат фундаментални вештини за стратегиско размислување;<br>• Идентификуваат карактеристики на водството за одржлив развој и да прават разлика помеѓу различни стилови водство за одржлив развој;<br>• Интегрираат аспекти на одржливост, социјална одговорност и етичко однесување во процесот на стратегиско водство, создавајќи долгорочни вредности за организациите, општеството и животната средина;<br>• Идентификуваат клучни стратегии и практики за да се создаде позитивен ефект врз општеството и животната средина;<br>• Применуваат мотивациски механизми кои водат до зголемена продуктивност, иновации и задоволство на вработените;<br>• Препознаваат ефекти на вештачката интелигенција и автоматизацијата, врз стратегиските процеси и водството и ќе ги интегрираат овие алатки во стратегијата на организацијата;<br>• Создаваат и управуваат со стратегиски партнерства и алијанси кои помагаат во постигнување на заеднички цели и отворање на нови можности на пазарот;<br>• Креираат ефективни мотивациски стратегии кои ќе го поддржат прифаќањето на промени, визии и стратегии за одржлив развој;<br>• Интегрираат современите трендови во стратегиски анализи и одлуки. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Поглавје 1: СТРАТЕГИСКО ВОДСТВО<br>1.1 Поим и дефинирање на водството;<br>1.2 Еволуција на стратегиското водство;<br>1.3 Врска меѓу стратегиското водство и одржливиот развој;<br>1.4 Карактеристики и поделби на водството за одржлив развој;<br>1.5 Стратегиското водство како влијание и следбеништво;<br>1.6 Современи стилови на водство за во контекст на стратегии за одржлив развој.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе умеат да го дефинираат стратегиското водството и да ги разликуваат различните форми и стилови на водство;*<br>*Ќе може да идентификуваат како се развивале теориите и праксите на стратегиското водство во зависност од социо-економските и технолошките промени во глобалниот контекст;*<br>*Ќе умеат да ги објаснат карактеристиките на водството за одржлив развој и да направат разлика помеѓу различни стилови водство за одржлив развој;*<br>*Ќе бидат способни да ги идентификуваат улогите на стратегиските водачи и следбениците во креирањето и реализацијата на стратегиските цели на организацијата;*<br>*Ќе умеат да ја проценат ефикасноста на различни стилови на стратегиско водство во контекст на одржлив развој.*<br><br>Поглавје 2: ЛИЧНОСТ, СПОСОБНОСТИ И КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРАТЕГИСКИОТ ВОДАЧ<br>2.1 Извори на моќ и влијание на стратегискиот водач; |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2.2 Личноста и интегритетот - темел на референтна моќ на водачот;<br>2.3 Етички принципи во одрживото водство;<br>2.4 Способности, вештини и компетенции - развојни карактеристики на ефективниот водач;<br>2.5 Водство со фокус на животната средина и социјалните промени;<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе можат да ги анализираат и применат различните стилови на влијание во контекст на организациски цели и стратегии;*<br>*Ќе знаат како етичките и моралните стандарди на лидерите влијаат на нивната способност да изградат доверба;*<br>*Студентите ќе можат да ги разликуваат и применуваат етичките принципи на стратегиското водство;*<br>*Ќе ги разберат клучните компетенции за водство, како и начините за нивен развој и примена во организациски контекст;*<br>*Ќе умеат да ги идентификуваат клучните стратегии и практики кои можат да бидат применети од стратегиските лидери за да се создаде позитивен ефект врз општеството и животната средина.*<br><br>Поглавје 3: МОТИВИРАЊЕ И ИНСПИРИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ<br>3.1 Улогата на водачот во процесот на креирање споделена организациска визија за одржлив развој<br>3.2 Врска помеѓу мотивирањето и долгорочениот успех на организацијата;<br>3.3 Улогата на водството во мотивирањето на вработените за одржлив развој<br>3.4 Креирање на мотивациони стратегии како основа за инспирирање за прифаќање на промени, визии и стратегии за одржлив развој;<br>3.5 Влијанието на дигитализацијата и технологијата во мотивирањето на вработените.<br>3.6 Мотивирање преку социјално одговорни практики.<br>3.7 Улогата на водачот во промените кон зелена транзиција.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе знаат како водачот треба да создаде колективно прифаќена визија која ги интегрира интересите на сите заинтересирани страни и која ја насочува организацијата кон долгорочен успех и одржливост;*<br>*Ќе ги препознаваат мотивациските механизми кои водат до зголемена продуктивност, иновации и задоволство на вработените;*<br>*Ќе умеат како водачите да ја пренесат важноста на одржливиот развој и да ги охрабрат вработените да учествуваат во реализирањето на визиите и стратегиите за одржливост;*<br>*Ќе ги проучуваат алатките и платформите кои го олеснуваат комуницирањето, колаборацијата со вработените;*<br>*Ќе научат како организираната одговорност во општеството, како што е заштитата на животната средина, еднаквоста и фер условите за работа, може да ги мотивираат вработените да се чувствуваат поврзани со организацијата и да имаат поголема посветеност.*<br><br>Поглавје 4: ПРЕДИДЗВИЦИ НА СТРАТЕГИСКОТО ВОДСТВО<br>4.1 Стратегиско размислување и донесување одлуки;<br>4.2 Конкуренција, локализација vs. глобализација на стратегиите;<br>4.3 Градење на стратегиски партнерства и алијанси;<br>4.4 Потреба за одржливост, отпорност и етичко однесување;<br>4.5 Водството и промените за одржлив развој; |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4..6 Предизвици на управувањето со мултикултурни тимови и организациски структури;<br>4.7 Влијанието на вештачка интелигенција и автоматизацијата на лидерските процеси;<br>4.8 Преглед на новите трендови во глобалниот бизнис контекст.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе можат да идентификуваат клучни методи и алатки за стратегиско донесување одлуки и ќе научат како да ги применуваат во реални ситуации;*<br>*Ќе бидат способни да ја разјаснат разликата помеѓу локалните и глобалните стратегии во современата деловна пракса;*<br>*Ќе бидат способни да ги анализираат ризиците и придобивките од различни партнерствата и ќе умеат да ги управуваат овие односи за да се постигне успех;*<br>*Ќе научат како да развијат стратегии кои вклучуваат отпорност, одржливост и етички принципи;*<br>*Ќе научат како да применат стратегии за ефективно управување со културните разлики и ќе умеат да создадат инклузивни и функционални тимови;*<br>*Ќе разберат како технологиите како вештачка интелигенција (AI) и автоматизацијата влијаат на лидерските процеси и стратегиското водство;*<br>*Ќе умеат да ги интегрираат современите трендови во стратегиски анализи и одлуки.* |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Стратегиски менаџмент за одржлив развој |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата по предметот Стратегиско водство се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики во областа на стратегиското водство.<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми во областа на стратегиското водство.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици поврзани со стратегиското водство.<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за современото стратегиско водство. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 162 | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | / |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 15 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 45 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 42 |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17 | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Присуство и активност | | 30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 50 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | • Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>• Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>• Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>• Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>• Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции. | |
| 22. | Литература | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Стефановска Л. | Стратегиско водство | Бизнис академија Смилевски - БАС | 2018 |
| | | 2. | Darko Tipurić | The Enactment of Strategic Leadership A Critical Perspective | Palgrave macmillan | 2022 |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | A.K. Olson, B.K.Simerson | Leading with strategic thinking | John Wiley & Sons, Inc., Hoboken, New Jersey | 2015 |
| | | 2. | PIIA UUSI-KAKKURI | Transformational leadership and leading creativity | University of Vaasa Faculty of Business Studies Department of Management | 2017 |
| | | 3. | | | | |